# УВОДНИ СТИХОВИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 октомври 2025*

## Исус не лежел во својот гроб – смртните врски не можеле да го задржат!

**„А беше веќе околу шестиот час и настана мрак по целата земја, до деветтиот час; и сонцето потемне, и завесата на храмот се расцепи преку средината. А Исус извика гласно и рече: ’Оче, во Твои раце Го предавам Својот дух!’ И штом го рече тоа, издивна... А кога се стемни, дојде еден богат човек од Ариматеја, по име Јосиф, кој Му беше, исто така, ученик на Исус; тој отиде кај Пилат и го побара телото Исусово. Тогаш Пилат нареди да му го дадат телото. А Јосиф, штом го зеде телото, Го завитка во чисто платно, и Го положи во својот нов гроб, што го беше издлабил во карпа... Тој ден беше петок, и саботата веќе настапуваше“ (Лука 23,44-46; Матеј 27,57-60; Лука 23,54).**

„Најпосле Исус починал. Долгиот ден на срам и мачење е завршен. Додека последните зраци на Сонцето при залез објавувале дека настапува сабота, Божјиот Син мирно почивал во гробот на Јосифа“ (*Копнежот на вековите,* 668).

Ако некогаш сте поминале покрај гробишта, сте забележале дека секој покојник има свој гроб, свој споменик, своја надгробна плоча со врежан датум на раѓање и датум на смрт. Дали сте забележале дека Исус немал свој гроб, туку морал да биде погребан, ако може така да се каже, во *изнајмен* гроб? На Царот на вселената, нашиот Спасител и Откупител не му било местото во гробот! Иако според еврејските погребни обичаи Исусовото тело било намачкано со мириси и завиено со платно, Него на небото го чекала една друга облека, облеката на мојот и твојот Посредник. „Зошто го барате Живиот меѓу мртвите“, ги запрашале ангелите жените на Исусовиот гроб, „Бог го воскресна, откако го ослободи од смртните маки, бидејќи смртта немаше сила да го задржи“ (Лука 24,5; Дела 2,24). Нашиот Откупител е жив и секогаш стои од десната страна за да нè штити, да нè подигне, да нè поткрепи, да нè утеши, разбуди, поучи. Браќа и сестри, оваа голема вистина нека ви биде охрабрување на овој тесен пат, кој е полн со неизвесност и стапици. Амин.

*Сабота, 11 октомври 2025*

## Сабота

**„Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата... И создаде Бог свод... Бог создаде две големи светила... И Бог создаде големи риби и секаков вид животни влекачи, што живеат во водата, според нивниот род, како и секаков вид крилати птици, според нивниот род... И Бог создаде ѕверови земни, според родот нивни... И Бог го создаде човекот според образот Свој... Бидејќи преку Него е создадено сè што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти - сè е преку Него и за Него создадено... Седмиот ден Бог ги заврши делата Свои, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде“ (1. Мојсеева 1,1.7.16.21. 25.27; Колошаните 1,16; 1. Мојсеева 2,2.3).**

Многу пред да се слушне првиот плач на новороденчето во јаслите на една штала во Витлеем, ветениот Месија, Исус Христос постоел, односно, живеел на Небото и ја создал, како што вели Божјата Реч, целата вселена. И онака како што своето дело го крунисал со одмор, така и делото за откупување на човечкиот род го обележал со еднодневен одмор. „...А во саботата, почиваа, според заповедта“ (Лука 23,54).

Седмичниот циклус од седум буквално сфатени денови – шест работни и еден за одмор – се одржал сè до денес, иако за време на Француската револуција, во знак на револт против Црквата и Бога, имало обиди да се воспостави десетдневен циклус. Истражувањата, исто така покажале, дека човековиот организам е „програмиран“ да се одмора точно по шест работни денови. Сето ова ни зборува за бескрајната мудрост и непогрешливост на нашиот Создател.

Духот на пророштвото вели: „Во војната која ќе се води во последните денови... денот за одмор од четвртата заповед ќе стане големо спорно прашање, бидејќи во заповедта за саботата големиот Законодавец се претставува себеси како Создател на Небото и Земјата“ (3СМ, стр. 392-1891).

Браќа и сестри, да ја чуваме саботата, бидејќи таа е **знак** помеѓу Него и нас од колено до колено, за да знаеме дека Господ е тој кој нè посветува. Да го празнуваме овој ден онака како што им доликува на Божјите слуги, единствени и сложни во нашата највозвишена цел – да го објавуваме Христа на светот, Неговата љубов, милост, проштавање и дар на вечниот живот. Амин.

*Сабота, 18 октомври 2025*

### Две библиски личности кои се качиле на дрво

Библијата многу прецизно ги опишува луѓето и настаните, а бидејќи „целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за казнување, поправање и поучување во праведност“ и бидејќи „никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале поттикнати од Светиот Дух“ (2. Тимотеј 3,16; 1. Петрово 1,21.), верувам дека секој детаљ во Светото писмо има големо значење и може да ни даде важна духовна поука.

Читајќи ја Бибијата, забележав дека библиските писатели – „научени од Светиот Дух“ – сметале дека било важно да споменат две личности кои се качиле на дрво. Кои се тие личности и зошто е важен тој факт?

„И кога влезе во Ерихон, минуваше низ градот. И ете, некој човек, по име Захеј, кој беше началник на цариниците и богат, сакаше да го види Исуса, кој е, но не можеше од народот, зашто беше низок по раст. И истрча напред, се качи *на дива смоква* за да го види, зашто требаше да мине покрај неа. И кога Исус дојде на тоа место, погледна нагоре и му рече: 'Захеј, слези бргу, денес треба да бидам во твојот дом!' И слезе веднаш и го прими на гости со радост“ (Лука 19,1-6.).

Како што на Евреите им се чинело дека озлогласениот царински старешина не го интересира ништо друго освен златниците и нечесното богатење, така ни ние денес можеби не гледаме дека под нечија појава на световност и лошотија се крие срце кои е приемливо за божественото влијание. Сметајќи го некого премногу 'световен' за да му раскажуваме за Бога, сомневајќи се во искреноста на побудите и позитивните постапки на оној кој сака да

се врати од лошиот пат, ниту нам, ниту пак на личноста за која зборуваме, не му дозволуваме на Исус да ни се открие..

Силната желба на Захеј и неговата непоколебливост претставуваат поука за сите нас. Исус сè уште посредува за нас, сè уште минува низ нашиот Ерихон, а ние треба да направиме сè од наша страна за да го здогледаме лицето на Оној кој ни дава една нова надеж; ние треба да „потрчаме напред“ и да се „качиме на дивата смоква“ и да им дозволиме на другите да се пробијат до Исуса.

А која е другата библиска личност? Тоа е нашиот мил Спасител. Исус рекол: „И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да се издигне и Синот Човечки,... И кога Јас ќе бидам издигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон Себе“ (Јован 3, 14; 12,32.33.).

Кога дошол под дрвото на кое бил Захеј, Исус погледнал горе и му рекол да се симне. Меѓутоа, овој пат Исус бил горе, но не на разгрането дрво чија крошна го штити од силното сонце, туку на груб, рапав крст од кој немал намера да се симне. Захеј бргу се симнал од дрвото и во својот дом подготвил гозба за Исуса. Исус, прикован за своето „дрво“, со часови умирал во најтешки душевни и физички маки за да може да нè повика на вечера на свадбата на Јагнето.

Браќа и сестри, секој од нас нека се качи на своето дрво – секој од нас нека направи сè што треба да направи – за да го видиме Исус на Неговото дрво. Вашиот поглед секогаш нека биде насочен кон Крстот и ќе видиме дека Исус оттаму ни упатува поглед полн со љубов, сочувство и проштавање. Амин.

*Сабота, 25 октомври 2025*

**Кога Бог пишува со сопствениот прст...**

Сигурно барем еднаш во својот живот сте наишле на љубовна порака (или можеби некоја друга порака) напишана на ѕид или со шарени креди на тротоар; врежана на дрвена клупа во парк, напишана на песок или можеби во свеж малтер. Сите ние имаме потреба на некој начин да ги овековечиме нашите мисли и чувства, некои убави и значајни моменти во нашиот живот. Од дру-

га страна, во нашиот живот постојат и оние настани кои од длабочината на срцето би ги избришале, за кои би сакале никогаш да не се случиле.

Нашиот небесен татко секојдневно на различни индиректни начини ни упатува пораки на љубов: ни дава воздух и сонце, храна и пијалак на време, ги услишува нашите молитви за оздравување, ни помага во нашите слабости, во нашите секојдневни обврски итн., но само три пати тој семоќен, силен и невидлив Бог пишувал пораки директно, со сопствениот прст.

Првиот пат тоа било на Синај, кога ги испишал Десетте заповеди на две камени плочи, вториот пат кога ја испишувал пресудата на вавилонскиот цар Валтасар на ѕидот на свечената сала, а третиот пат Исус Христос, отелотворениот Бог во прашината ги испишувал гревовите на свештениците и фарисеите кои пред Него ја донеле жената фатена во прељуба. Ако, сега го оставиме на страна овој втор пат, дали забележувате една значајна разлика помеѓу првиот и третиот пат?

„Слезе на Синајската Гора и им зборуваше од небото; и им даде праведни наредби, цврсти закони, прекрасни заповеди и уредби“ (Немија 9, 13) – значи, она што е вечно и што не треба да го заборавиме – Бог го врежал во камен и никој не може да го избрише, додека гревовите на свештеници и фарисеите и, воопшто, гревовите на сите нас ги испишал во прашината, што и најслабиот ветар може да ги оддува и да ги избрише. И додека Господовата реч е довека утврдена во небесата (Псалм 119, 89) и додека „Не мислете дека дојдов да ги поништам Законот и Пророците! Не дојдов да ги поништам, туку да ги исполнам. Зашто вистина ви велам, додека не поминат небото и земјата, ниту најмалата буква, ни цртичка, не ќе ја снема од Законот, додека не се збидне сè“ (Матеј 5,17.18.), кога се во прашање нашите гревови, самиот Бог рекол: „А Јас, заради Себе ги бришам твоите престапи, и не си спомнувам за твоите гревови“ (Исаија 43,25). Чудесна е љубовта, прекрасно е проштавањето! Браќа и сестри, вечниот и непроменлив Божји закон нека биде врежан во нашите срца како што е и на камените плочи, а кога се во прашање нашите гревови, да се молиме да ни биде простено, а на оние кои ни згрешиле да им простиме, исто како што тоа го прави Бог. Да размислуваме за оваа разлика што Бог ја направил - и да ја направиме и ние во нашиот живот и во нашите меѓучовечки односи! Амин.

*Сабота, 1 ноември 2025*

## Комуникација со Бога преку жртвата на Исуса Христа

Дали некогаш сте размислувале за тоа колку на луѓето пред стотина години им било тешко да комуницираат на далечина? Писмата патувале и по неколку месеци, а неможноста за правовремена размена на информациите веројатно во некои случаи имала и кобни последици. Во некое старо пожолтено писмо, сигурно ќе најдеме реченица „Колку само би сакала/сакал да можам сега да ти го слушнам гласот"!

Денес, во секој момент можеме да разговараме со некој кој е илјадници километри далеку од нас!

Телефонот е електричен апарат за пренос на говорот на далечина. Првиот телефон, кој тогаш бил само една мегафонска труба, ја конструирал Англичанецот Морленд во 1760 година. Пронаоѓач на телефонот е Греем Бел, кој на изложба во Филаделфија во 1876 година го прикажал својот пронајдок – телефонски апарат со кој може успешно да се разговара на оддалеченост од неколку километри; со вградување микрофон во 1878 година, апаратот на Бел е многу поусовршен. Наглиот развој на телефонијата овозможува пронаоѓање на телефонски централи. Понатамошниот развој е насочен кон автоматизацијата на телефонијата, т.е. отстранување на посредниците (телефонистите) за давање врски во канцелариите и во 1889 година во САД е конструирана првата автоматска телефонска централа.

Ние денес не можеме да го слушнеме Божјиот глас во буквална смисла на зборот. Додека Бог бил во тело на оваа Земја, тоа им било возможно на еден мал дел од тогашната светска популација , но сам Господ рекол дека е подобро за нас Божјиот Син, Господ Исус Христос да замине, бидејќи во спротивно Утешителот не би дошол кај нас (Јован 16,7). Преку жртвата на Исуса Христа, „имаме слобода да влегуваме во светилиштето... по нов и жив пат" (Евреите 10,19.), но не само мал дел од светската популација, туку целиот човечки род може да комуницира со својот небесен Татко, со возвишениот и семоќен Создател на целата вселена! Како што слушнавме, кога се во прашање телефоните, понатамошни-

от развој бил насочен кон автоматизација на телефонијата т.е. отстранување на посредниците (телефонистите) за давање врски во централите. Исто така, денешниот народ не се грижи за Бога, ниту за единствениот посредник меѓу Бог и луѓето, Господ Исус Христос, а и „главните“ христијански цркви неправилно го учат народот за состојбата на човекот по смртта, а со самото тоа и за Исусовата посредничка служба во Светињата над светињите.

Браќа и сестри, да размислуваме често за слободата што ја имаме „да влегуваме во светилиштето преку крвта на Исуса Христа“ (Евреите 10,19.); да размислуваме за Исуса Христа во кого ние, кои некогаш сме биле далеку, сме станале блиски преку неговата крв (Ефесјаните 2,13). Да ја споделиме со другите радоста што ја имаме – што сме близу до Оној кој во моментов е со милиони километри далеку, а сепак толку близу. Тактично и со љубов, да им кажеме дека Неговиот ден е исто така близу и дека наскоро засекогаш ќе бидеме со Господа. Амин.

*Сабота, 8 ноември 2025*

**Каснување од змија – стражари над твојот јазик!**

**„На змијата, пак, ѝ рече Господ Бог: ’Затоа што си го направила тоа, проклета да си меѓу сите животни и сите полски ѕверови; помешечки ќе се влечеш и прав ќе јадеш сè до крајот на својот живот! И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата’“ (1. Мојсеева 3,14.15).**

Денес, во светот живеат околу 3000 видови змии од кои меѓу 300 и 360 видови се опасни за човекот. Кога овие змии ќе каснат, од жлездите тече отров преку отровните заби кои се поврзани со овие жлезди. Некои африкански и азиски кобри можат да шприцаат отров на оддалеченост и до 3 метри. Отровот има силно надразнувачко дејство на очите и, ако веднаш не се измие, може да доведе до трајно слепило. Црната мамба, долга 3 метри, се движи со зачудувачки голема брзина од дури 20 км на час, нанесувајќи и

до 5-6 каснувања за само 3-4 секунди, по што човекот не може да диши и да голта. Најопасна отровница е една мала африканска змија, песочната ефа, долга само 60 см. На азискиот континент најопасна отровница е пругастиот крајтон со црно жолта боја, кој дење е потполно безопасен, но преку ноќ е сосема друга змија.

Австралиската отровница тајпан, за разлика од многуте други змии, лачи многу мала количина мошне силен отров кој предизвикува парализа. По каснувањето од европските отровници главно се јавува силна болка која многу бргу се шири од местото на каснување. Заедничко за сите овие змии е тоа што речиси сите каснувања се смртоносни доколку не се лекуваат.

„А така и јазикот е мал орган, но големи работи зборува. Ете, мал оган, а колку голема гора запалува; секаков вид ѕверови и птици, лазачи и риби, се скротува и се припитомува од човечкиот род, а јазикот никој не може да го скроти: тој е немирно зло и полн со смртоносен отров“ (Јаков 3,5.7.8).

Дали во текот на изминатата недела или можеби многу порано сме нанеле некому рани гризнувајќи го со своите нагли и непромислени зборови? Дали како африканските и азиските кобри сме направиле некој трајно да ослепи, да не ја види Божјата љубов? Дали, како црната мамба сме исфрлиле лавина од смртоносни зборови во рок од 3-4 секунди? Или, можеби како австралискиот тајпан сме изговориле многу малку „отровни“ зборови и сме предизвикале „парализа“ на нечиј живот? Или, можеби вие сте доживеале „каснување од црна мамба“ кога сте почнале да се задушувате, оневозможени да го вдишите животодавниот мирис на Христовата љубов и да го „проголтате“ Лебот на животот?

Браќа и сестри, да запаметиме дека мораме внимателно да ги бираме зборовите кога настојуваме да ги реформираме другите. Како Христови следбеници, ние мораме да зборуваме на таков начин што нашите зборови ќе им помагаат и ќе ги храбрат другите во христијанскиот живот. Исус никому никогаш не му возвраќал со иста мера, туку во моментите на искушение тоа да го направи, почнувал да пее некои од прекрасните Давидови псалми. Но, ако, пак, сме навределе или повределе некого, не треба да заборавиме дека НЕЛЕКУВАНИТЕ каснувања се смртоносни! Амин.

*Сабота, 15 ноември 2025*

**Му служиме на Бога со цело срце!**

**„А еден човек, по име Ананија, заедно со својата жена Сафира, ја продаде нивата и еден дел од добиените пари сокри, со знаење на жена си, додека другиот дел го донесе и го стави пред нозете на апостолите. Но Петар рече: ’Ананија, зошто го исполни сатаната срцето твое да Го излажеш Светиот Дух и да прикриеш дел од земените пари за нивата? Додека не беше продадена, нели беше твоја? И откако ја продаде, нели беа парите во твоја власт? Зошто си стави на срцето свое таква работа? Ти не излажа луѓе, туку Бога!’“ (Дела 5,1–4).**

Во учебниците по историја пишува дека луѓето на почетокот едноставно ја разменувале стоката, подоцна преминале на стокопаричен систем и на крај парите станале главно платежно средство, за што денес и ние сме сведоци. Дали некогаш сте се запрашале кој прв дошол на идеја да организира ваков систем и дали некогаш сте се обиделе да го замислите животот без пари? Тоа би било многу тешко, бидејќи парите едноставно ни се потребни за сè! Во зависност од нашиот став кон парите, ние луѓето можеме да бидеме расипници, штедливи, скржави, великодушни, дарежливи, економични итн. Каков е вашиот личен став кон парите и кон нашата професија, т.е. начинот на кој ги заработуваме парите?

Реално е парите што ги заработуваме да ги сметаме за свои, бидејќи сме вложиле труд, време и средства за да се оспособиме за работата што ја извршуваме. Меѓутоа, во секој момент треба да бидеме свесни дека Бог е тој кој ни доверува материјални средства, но и физички и умствени способности за нивно стекнување. Погрешно е ако мислиме дека само еден дел од нашите средства му припаѓа на Бога и дека со остатокот можеме да правиме што сакаме. „При употребата на секоја пара може да се види дали го љубиме Бога над сè и нашите ближни како самите себеси“ (Христовите параболи, 294). Да се преиспитаме себеси за да видиме дали ние му одземаме на Бога од десетокот и приносите. Ако на Бога му даваме само еден дел од нашата „нива“, тоа е сигурен знак дека ние сме Му дале само еден дел од нашето срце, а знаеме дека вечниот живот подразбира да го љубиме Господа Бога. „А тој од-

говори и рече:„Љуби Го Господа, својот Бог - со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сета своја сила и со сиот свој ум; и својот ближен како себеси!” (Лука 10, 27.)

Духот на пророштвото вели: „Во рацете на Божјите деца парите се храна за гладните, вода за жедните, облека за голите. Тие се заштита и одбрана за угнетените, средство и помош за болните. Меѓутоа, парите сами по себе немаат поголема вредност од обичен песок ако не се употребат за намирување на животните потреби, за помагање на ближните и за унапредување на Христовото дело на земјата“ (Христовите параболи, стр. 295).

Браќа и сестри, „вашето срце нека му биде потполно верно на Господа, нашиот Бог, пазејќи ги Неговите закони и држејќи ги Неговите заповеди како денес!” (1. Царевите 8,61) Амин.

*Сабота, 22 ноември 2025*

**Со секојдневните животни одлуки, човекот сам си ја крои судбината**

Пилат не бил праведен и совесен судија, туку слаб и колеблив човек кој набрзина ги потпишувал смртните пресуди осудувајќи ги луѓето за кои се знаело дека не заслужуваат смрт. Таа ноќ римскиот намесник итно го повикале од спалната соба и затоа одлучил најбрзо што може да ја заврши таа работа. Кога го внеле Исуса во судската сала, со строг израз на лицето се свртел за да види каков човек треба да испита, поради кого толку рано морал да го прекине својот одмор. Имал работа со разни злосторници, но никогаш пред него не бил изведен човек кој носел обележја на таква добрина и благородност. Во овој случај, постоело нешто што го спречувало да постапи според својот вообичаен начин. Слушнал за Исус и за Неговите дела, се сетил на Лазаровото воскреснување, а и сопругата му раскажувала за величествените дела на овој галилејски пророк. Евреите биле упорни во својата намера да го убијат Исуса, а Светиот Дух се борел со Пилат кој сфатил дека Исус е невин, но не сакал да го признае ова сведочење кое толку го оптоварувало.

Борбата се продолжува; Пилат копнеел да дознае од Исус што е вистина, но должноста го викала и тој морал да ја одреди пресудата. Се плашел од лошата волја на својот народ; слушал за Исус од Галилеја, му олеснило што сега морал да ја префрли одговорноста на Ирод кој таму бил надлежен. Но, сакајќи да се ослободи од оваа страшна одговорност, Ирод го испратил Исуса назад кај Пилат. Иако осведочен во Исусовата невиност, овој колеблив човек, за да ги смири Исусовите тужители, наредил Исус да се камшикува и да се пушти. Народот ја користи Пилатовата нерешителност и уште повеќе навалува. Бог и понатаму се бори за Пилат – му ја испраќа неговата жена која целиот исход го видела на сон. Пилат е збунет од противречните чувства и повторно ја префрлува одговорноста од себе, овојпат на народните обичаи. Иако и понатаму се обидувал да го спаси Исуса, со оваа постапка Пилат се ставил во уште понеповолна положба. „А Пилат штом виде дека ништо не помага, туку викотницата станува сѐ поголема, зеде вода и ги изми рацете пред народот и рече: 'Невин сум за крвта на Овој Праведник! Вие гледајте!'" (Матеј, 27, 24.).

Христијанскиот живот е борба до самиот крај. Светиот Дух извојувал една значајна победа кога сме решиле да се крстиме, но и понатаму се бори за нас секој ден; можеби и ние спиеме, и се лутиме кога Светиот Дух ќе нѐ разбуди од нашиот лаодикејски сон, но треба да бидеме свесни дека со нашите секојдневни и навидум неважни одлуки, ние сме или подалеку или поблиску да ја потпишеме Исусовата смртна пресуда. Да го изострел својот духовен вид, Пилат би видел дека на обвинението наместо Исусовото име стои неговото сопствено име. Моја молитва е да не се случи да ги отфрламе опомените на Светиот Дух и ние себеси да си препишеме смртна пресуда! Браќа и сестри, да стоиме секогаш на страната на вистината – а тоа е Христос. Амин.

*Сабота, 29 ноември 2025*

### Да не го злоупотребуваме Божјото трпение

По потопот, Бог им го кажал следново на Ное и на неговите синови: „Вие, пак, плодете се и множете се; ширете се на земјата

и наполнете ја!... 'А Јас, еве, го поставувам заветот Мој со вас дека отсега нема веќе ниедна плот да загине од потоп и дека повеќе не ќе има потоп да ја запустува земјата!'" (1. Мојсеева 9,7.11). Некое време сите потомци на Ное живееле на планината на која застанал ковчегот. Но, кога нивниот број се зголемил, меѓу нив дошло до поделба на оние кои сакале да му служат на Бог и на оние кои сакале да го заборават својот Создател. Овие другите се одвоиле од своите браќа и се населиле во богатата и плодна сенарска рамнина. Тие „Потоа рекоа: 'Ајде да си ѕидаме град и кула, висока до небото; и да се здобиеме со име, пред да се растуриме по целата земја!'" (1. Мојсеева 11,4).

Жителите на сенарската рамнина не ја послушале Божјата наредба да се рашират по целата земја и не верувале во Бога кога ветил дека повеќе нема да пушти потоп на Земјата. Кулата требало да им послужи како засолниште во случај на нова поплава, а бидејќи се издигнувала сѐ до облаците, сметале дека со тоа ќе ја откријат и причината за Потопот... Кога кулата била речиси завршена, во еден дел се населиле нејзините градители; другите делови, блескаво наместени и украсени, биле посветени на идолите... Меѓутоа, делото кое толку успешно напредувало, наеднаш застанало. Дали некогаш сте се запрашале зошто Бог толку долго чекал пред отворено да го покаже своето незадоволство? Очигледно е дека Вавилонската кула претставува симбол на бунт против Бога, и тоа не бунт на позитивно љубопитни луѓе, туку на дрски и лоши, полни со недоверба против својот Творец кој неизмерно ги сака. Зошто Бог чекал кулата да биде речиси завршена?

Браќа и сестри, Бог е многу трпелив со нашите „вавилонски кули" – со нашите лоши навики и со особините на нашиот стар човек; Тој нѐ остава да изградиме уште еден, па уште еден кат, чекајќи и копнеејќи сами да почнеме да ги рушиме ѕидовите и скалите. Но, кога повеќе ќе нема каде, Бог сам ќе се вмеша, а рушењето боли многу повеќе отколку кога сами поместуваме тула по тула. Да, секогаш треба да имаме на ум дека Божјата правда и милост се сестри близначки, и затоа да не го злоупотребуваме Божјото трпение.

Браќа и сестри, Бог нека ни помогне, никој од нас да не ја ѕида својата кула до крај, туку да бидеме ревносни рушители на сите оние дебели и високи ѕидови кои нѐ одвојуваат од нашиот небесен Татко! Амин.

*Сабота, 6 декември 2025*

## Синџир на исхрана

Повеќето од нас сигурно се сеќаваат на илустрацијата за исхраната во учебниците од запознавање на природата и општеството. Сигурни сме дека, како десетгодишни, сме биле воодушевени со фактот дека во природата сè е толку совршено организирано и дека секое живо суштество има своја улога! Еве примери за една сувоземна биоценоза: на почетокот имаме дрво четинар; со неговите лисја се хранат растителните вошки: со растителните вошки се хранат пајаците; со пајаците се хранат птиците пејачки, а со птиците пејачки се хранат птиците грабливки. Во енциклопедијата пишува „бидејќи повеќето потрошувачи се хранат со различен вид храна, а исто така еден ист производител или потрошувач може да биде извор за поголем број потрошувачи, тоа значи дека различни синџири на исхрана во една биоценоза се испреплетени со сложени односи меѓу себе“. Сите овие, заедно со човекот како крајни членови на синџирот на исхрана, се образуваат во синџир на исхрана на одредена алка на потрошувач од различен степен.

Човекот е едно живо суштество кое ја нарушува таа хармонија и доведува до нарушување во сунџирот на исхрана. Со неконтролираното ловење, многу животнински видови денеска можат да се вбројат во категорија на ретки и загрозени, а некои се потполно истребени. Со употребата на штетни хемиски средства човекот не го загадува само земјиштето, туку и водата и воздухот, уништувајќи ги така и билките и животните и самиот себеси.

Сепак, единствено човекот може да се усреќи и себеси и другите учествувајќи во еден поинаков синџир кој можеме да го наречеме **синџир на животот.** И во овој синџир секој има своја улога; секој од нас претставува една алка без која овој синџир би бил прекраток. „И како што е телото едно, а има многу делови, и сите делови од тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се, така и Христос. Зашто преку еден Дух сме крстени сите во едно тело – било Јудејци или Елини, било робови или слободни; и сите сме со еден Дух напоени. Зашто и телото не се состои само од еден дел, туку од многу... И ако увото рече: бидејќи не сум око, не сум дел од те-

лото, зар поради тоа увото не припаѓа на телото?... За да нема раздори во телото, но деловите подеднакво да се грижат едни за други. Вие сте телото Христово, а поодделно – членови“ (1. Коринринќаните 12,12–14.16.25.27).

Во Деветтата книга од Сведоштвата пишува: „Господ сака неговите избрани слуги да ги поучи да бидат сложни во своите напори... И кога секој работник верно ја исполнува својата должност што му е доверена, тоа ќе биде одговор на Христовата молитва меѓу неговите следбеници да владее единството, и светот по тоа да ги познае дека се негови ученици. Божјите работници мора да бидат сложни во љубовта и во верата. Оној што зборува или прави нешто што би можело да предизвика неслога меѓу членовите на Христовата Заедница – тој работи спротивно на Божјата цел. Оние што внесуваат кавги и неслога, кои поттикнуваат сомнежи и недоверба, му нанесуваат срамота на Христа. Бог сака неговите слуги да негуваат меѓусебна христијанска љубов. Вистинската вера ги соединува срцата во најнежно единство не само со Христа, туку и со браќата меѓусебно. Кога ќе сфатиме што значи да се биде на овој начин соединет со Христа и со нашите браќа, тогаш, каде и да се наоѓаме, нашата работа ќе ја следи благотворно влијание“ (стр. 145). Амин.

*Сабота, 13 декември 2025*

## Прељуба (духовна)

Прекршувањето на Седмата заповед – газење на брачниот завет – спаѓа во најтешките гревови. Во Црковниот правилник, во делот кој зборува за причините за покренување дисциплинска постапка, пишува дека меѓу тешките гревови за кои верниците се подложни на црковна дисциплина, меѓу останатото спаѓа и „кршењето на седмата заповед од Божјиот закон која се однесува на брачниот однос, христијанскиот дом и библиските мерила на морално однесување“ (163 стр.). За тоа колку овој грев е сериозен и погубен зборува и фактот дека Бог преку Мојсеј заповедал

дека „Ако некој изврши прељуба со мажена жена или со жената на ближниот свој; да бидат убиени и прељубодеецот и прељубодејката“ (3. Мојсеева 20, 10.). Сите ние се згрозуваме од овој грев и склони сме на некаков друг начин да го гледаме братот или сестрата кои му подлегнале на ова големо зло. Кога ја согледуваме својата духовна состојба, ние се тешиме со тоа што зборуваме за себе дека никого не сме убиле, дека не сме направиле прељуба и сл. Или, кога сакаме да подигнеме некого кој е премногу оптоварен со својата грешност, ние го охрабруваме зборувајќи му дека не направил некои страшни гревови како што се кражба, убиство или прељуба.

За Бога, како што пишува во книгата Патот кон Христа, злобата, себичноста и љубомората - значи нешто „опипливо“, конкретно – се особено одвратни гревови. Но и прељубата – повторно нешто „опипливо“ и конкретно – е исто така многу тежок и за Бога страшен грев.

Кога во 5. глава во посланието до Ефесјаните апостол Павле опишува каков треба да биде односот меѓу мажот и жената, тој на крајот додава: „Оваа тајна е голема. Но јас ви зборувам за Христос и за Црквата“ (32. стих). На повеќе места во Светото Писмо, „Интимниот и свет однос меѓу Бога и неговиот народ е претставен со симболот на брачната врска “ (*Патријарси и пророци*, стр. 311). Сето ова зборува во прилог на тоа дека прекршувањето на Седмата заповед е навистина сериозен и тежок грев.

Дали сме свесни, браќа и сестри, дека секој, па дури и „најмалиот“ грев, всушност, е прељуба. Дали нашите „ситни гревови“, нашето обожавање на некои „други богови“ го сметаме за духовна прељуба? Многумина, меѓу нас често „паѓаат“ на истите гревови и паѓаат во очај поради својата непостојаност. Браќа и сестри, да почнеме секоја своја лоша навика, секој груб збор што сме го изговориле, секое занемарување на должноста да ја гледаме како духовна прељуба со која на нашиот Откупител Исус Христос му нанесуваме неискажлива болка, и тогаш ќе настанат неверојатни позитивни промени во нашиот карактер и нашиот живот! Амин.

*Сабота, 20 декември 2025*

**„Авесаломе, сине мој...“**

Од сите видови на љубов, љубовта на родителот кон детето е најсилна. Тој посебен вид на поврзаност постои кај сите живи суштества. И животните кои немаат разум, се извонредно грижливи и нежни родители. Кај животните кои живеат во стада, младенчињата секогаш одат во средина, заштитени од сите страни од возрасните единки. Дури и оние опасни предатори покажуваат нежност кон своето потомство. Колкава е тогаш човековата љубов кон своите деца кога човекот е надарен со разум и емоции?

Колкава ли е тагата кога детето ќе умре или ќе загине? Детските погреби се една од најтажните глетки, а смртта на детето е една од најголемите трагедии во животот, без разлика дали тоа дете има 7, 27 или 57 години, без оглед на тоа дали детето било неранимајко, послушно или непослушно.

Авесалом бил еден од непослушните синови на Давид. Лут поради срамот што неговот брат Амнон ја нанел на нивната сестра Тамара, а лут на татко му што не го казнил за овој грев, Авесалом решил да му се одмазди на својот брат, и по две години тоа и го направил; потоа побегнал во Гесур, но татко му по извесно време му дозволил да се врати во Ерусалим, под услов да не се појави на дворот. Тоа требало да биде казна за злосторството што го сторил (братоубиство). Меѓутоа, Авесалом со своите истомисленици испланирал заговор да го тргне својот татко од престолот, а веројатно и да го убие. Се послужил со итрина и подигнал востание. И покрај сето тоа, пред нивното заминување во битка, царот Давид на своите војсководци Јоав, Ависај и Итај им заповедал: „А на Јоава, на Ависаја и на Итаја им даде заповед: 'Чувајте ми го младиот човек Авесалом!' И сиот народ чу дека царот им заповеда така на своите војводи за Авесалома“ (2. Самоилова. 18, 5). Сите знаеме дека во оваа битка Авесалом го изгубил животот. Кога ја слушнал оваа вест, тогаш, „Царот се возбуди, се искачи во горницата над вратата и заплака; липајќи зборуваше вака: 'Сине Авесаломе, сине мој! Сине мој Авесаломе! Ох, да умрев јас место тебе! Авесаломе, сине мој, сине мој!'“ (2. Самоилова 18,33).

Колку е голема родителската љубов! Таткото жали што тој не умрел наместо неговиот бунтовен син! Браќа и сестри, небесниот Татко дозволил Неговиот единороден Син да умре за нас и наместо нас на крстот на Голгота. Духот на пророштвото вели: „и Царот на вселената морал да се бори сам со себе пред да го предаде својот Син на смрт заради грешниот човечки род. Но 'Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син, за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен' (Јован 3,16). О, тајно на спасението! Каква ли љубов Божја кон еден свет кој не го сакал!" (*Патријарси и пророци*, стр. 43) Царот Давид жалел што не умрел тој наместо неговиот син. Божјиот Син навистина умрел место нас! Давидовата љубов е голема – но Божјата љубов е чудесна и несфатлива. Амин!

*Сабота, 27 декември 2025*

**Христос – нашата карпа во борбата против нашиот Голијат**

„Филистејците ги собраа своите чети и се состанаа кај Сокхот во Јудеја. Се влогорија меѓу Сокхот и Азика кај Ефес Дамим. А Саул и Израелците се собраа и се влогорија во Теребинската Долина и се наредија за бој против Филистејците. Филистејците стоеја на гората од едната страна, Израелците на гората од другата страна, а долината беше меѓу нив" (1. Самоилова. 17,1-3). Младиот Давид не отишол во војна со своите браќа, туку останал дома да се грижи за стадото. Но по извесно, по налог на татка си, отишол во Сауловиот воен логор за да им однесе порака и дар на постарите браќа и да се распраша за нивното здравје. „Додека зборувал со нив, пред Филистејците излегол нивниот предизвикувач, Голијат кој, исмевајќи ги Израелците, побарал од нив од своите редови да му дадат човек кој би се борел со него" (*Патријарси и пророци*, стр. 682). „Што сте излегле построени? Изберете еден од вас, и тој нека излезе пред мене. Ако ме победи и ме погуби, ние ќе ви бидеме слуги; ако јас него го победам и погубам, тогаш вие ќе ни бидете нам слуги и ќе ни служите", зборувал цели четириесет дена овој дрзок Филистеец, висок шест лакти и пе-

да, со бронзен шлем и штитници, со непробоен плочест оклоп и тешко бронзено копје.

Иако царот имал мала надеж дека Давид ќе успее да го совлада овој џин, му дозволил да го прифати предизвикот на Голијат. Меѓутоа, младичот мошне бргу се вратил од оваа задача – не бил навикнат на оклопот, шлемот и тешкиот меч со кој го опремиле, па тргнал кон Филистеецот само со својот стап, праќката и петте камења „А Давид му одговори на Филистеецот: 'Ти доаѓаш против мене со меч, со копје и со штит, а јас одам против тебе во името на Господа на Силите, Бога на Израелевите чети, кои ти ги предизвика'" (1. Самоилова 17,45). Голијат во лутина „го повлекол назад шлемот што му го штител челото и се устремил кон својот противник за да му се одмазди" (*Патријарси и пророци*, стр. 686). „Давид посегна со раката во торбата, извади камче од неа, и го фрли од праќката. И го погоди Филистеецот во челото; камчето му се закачи во челото, и тој падна ничкум на земјата" (1. Самоилова 17,49). Давид без размислување го извадил тешкиот меч на Голијат и му ја отсекол главата.

Браќа и сестри, во оваа војна „против управителите на темнината на овој свет, против духовите сили на злото под небото", во споредба со непријателот, ние сме како деца; тој, по својата интелигенција, за нас е вистински џин. Меѓутоа, како и Давид и ние имаме еден камен, кој ќе се истркала „без да го допре рака" (Даниел 2,34), со кој можеме да го совладаме непријателот. Како што Голијат четириесет дена ги предизвикувал Израелците, така и сатаната четириесет дена го искушувал Исуса во пустината, убедувајќи го да му се поклони. Нашиот Голијат секој ден се труди да нè направи свои слуги, но Христос, нашиот камен, нашата Карпа – ни дава сила од Небото со која можеме да извојуваме победа над секој грев, над секое искушение!

Затоа, браќа и сестри, да го земеме сето Божјо оружје – вистината, евангелието, молитвата, оклопот на правдата, штитот на верата и шлемот на спасението и да тргнеме храбро во бој, длабоко свесни дека „ако му се предавате некому како робови за послушност, робови сте му на оној кому му се покорувате: или на гревот, кој води во смрт, или – на послушноста, која води кон праведност?" (видете Римјаните 6,16) Амин.

ГРАДИВО 4/2025

**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**